Стоматолошка комора на Македонија

# ДЕЛОВНИК

## За работа на Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија

**Скопје 2018 година**

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1409/1
07.11 2018 год
СКОПЈЕ

*Врз основа на член 50 став 7 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматалошката комора на Македонија на својата редовна седница одржана на ден 24.10.2018 година донесе*

Арх. знак 0201
Рок на чување тр.
07.11 2018 год
Потпис.

# ДЕЛОВНИК

За работа на Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија

на Стоматолошката комора на Македонија

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Деловник се утврдува составот, надлежностите, правата и должностите, начинот на работа и одлучување во работата на Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија (во натамошен текст Комисија).

**Член 2**

Комисијата има претседател и (4) четири члена кои се бираат на седница на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија (во натамошен текст СКМ), а на предлог на претседателот на Комората. Мандатот на претседателот и членовите на Комисијата е 4 (четири) години. Во работата на Комисијата учествува и координатор од Извршен одбор на на СКМ без право на глас.

По потреба Комисијата од составот на своите членови и други членови на Комората како и експерти од одредена област, може да формира работни групи. Работните групи, задачите и активностите ги извршуваат во соработка со претседателот на Комисијата.

**Член 3**

Конститутивната седница на Комисијата ја свикува претседателот на Комисијата на која членовите од свои редови бираат заменик на претседателот на Комисијата, по предлог на претседателот на Комисијата, со јавно гласање.

**Член 4**

Редовните седници на Комисијата ги свикува претседателот на Комисијата, а во случај на негова спреченост, заменикот на претседателот на Комисијата.

**Член 5**

Комисијата за својата работа е одговорна пред претседателот на Комората, замениците на претседателот на Комората, Извршниот одбор и Собранието на Стоматолошката комора на Македонија.

(1) Претседателот на Комисијата поднесува предлог план за активности за секој тримесечен период до Извршниот одбор и до претседателот на Комората.

(2) Претседателот на Комисијата поднесува извештај за работата на комисијата до Извршниот одбор и до претседателот на Комората и тоа за секој изминат тримесечен период, додека на крајот на секоја година од својот мандат поднесуваат извештај до Собранието на Комората

## 2. Надлежности

**Член 6**

Комисијата ги има следните надлежности:

1. се грижи за етичките должности и права на докторите по стоматологија при вршењето на стоматолошката пракса,

2. расправа, зазема ставови и предлага мерки во врска со етички прашања согласно Кодексот на стоматолошка етика и деонтологија,

3. се грижи за чување на угледот, достоинството и дигнитетот на докторите по стоматологија.

4. Комисијата за етички и правни прашања, на предлог на Комисијата за стручни прашања, одлучува по однос на издавањето, продолжувањето, обновувањето и одземањето на лиценците за работа на докторите по стоматологија,

5. се грижи за одбрана на честа и независноста на стоматолошката професија,

6. се грижи за придржување кон моралните принципи, чесноста и неопходната преданост кон стоматолошката професија,

7. се грижи за дисциплината во извршувањето на стоматолошката професија,

8. се грижи за чување на лекарската тајна,

9. го следи односот на докторите на стоматологија кон пациентите и се грижи за етичките аспекти на остварување на правата на пациентите,

10. се грижи за негување на колегијални односи меѓу докторите,

11. врши посредување и медијација за вонсудско решавање на споровите помеѓу членовите на Комората и помеѓу поедини пациенти и членови на Комората,

12. врши работи поврзани со лиценцирањето и акредитацијата од областа на етички и деонтолошки аспект,

13. врши и други работи определени со Статутот и другите акти на Комората, и

14. следи и дава предлози за усогласување на одредбите на Кодексот со етичките норми на Светската здравствена организација и други меѓународни организации.

**3. Начин на работа и одлучување**

**Член 7**

Комисијата се состанува на сопствена иницијатива како и на иницијатива на сите органи на Комората. Седниците се закажуваат по потреба, а најмалку еднаш во три месеци.

**Член 8**

Седница може да свикаат и најмалку 3 (три) члена на Комисијата со писмен предлог до претседателот на Комисијата, кој е должен во рок од 7 (седум) дена да свика седница, во спротивно предлагачите сами ја свикуваат.

**Член 9**

Седниците се закажуваат најдоцна 5 (пет) дена пред денот на одржување на седницата, а покана за седница со планиран дневен ред ,записникот од претходната седница и потребниот материјал, се доставува по електронски пат на членовите на комисијата, најдоцна три (3) дена пред одржувањето на седницата.

Исклучок е во итни случаеви седницата може да се свика и во пократок рок а најкасно 24 часа пред одржување на седница.

Подготовката на материјалите за седницата и доставување на покани ја извршува Секретарот на Комората.

**Член 10**

Седницата може да се одржи и полноважно да одлучува доколку на неа се присутни најмалку 3 (три) члена од Комисијата.

На почетокот на седницата се утврдува дневниот ред и секој од присутните членови има право да предложи измени и дополнувања на истиот,со објаснување. По предлогот се гласа и истиот е усвоен ако за него гласале мнозинството од присутните членови,по што се предлага за усвојување целокупниот дневен ред. За секоја точка од дневниот ред откако претседателот на Комисијата ја изнесува суштината се отвара дискусијата, се даваат предлози за кои членовите на Комисијата се изјаснуваат со гласање и на крајот се донесува конечна одлука.

По една точка од дневниот ред, секој член на Комисијата има право да дискутира најмногу до 10 (десет) минути.

**Член 11**

Седниците се јавни за сите членови Комората освен ако комисијата не одлучи поинаку.

На седницата присуствува и учествува и координаторот од Извршен одбор, без право на глас.

На седницата, со одлука на Комисијата а со цел образложување на Барањето или собирање на податоци во постапка за утврдување на повредата на Кодексот на Стоматолошка етика и деонтологија, може да биде повикан и претставникот на подносителот на Барањето (иницијаторот за свикување на седницата) и другата страна во постапката.

Делот од седницата во кој се води расправата по правило е јавен, додека одлучувањето се обавува без присуство на други лица,со одлука на комисијата, освен лицето од Стручната служба на Комората и координаторот назначен од Извршен одбор.

**Член 12**

На седниците на Комисијата и работните групи формирани од Комисијата се води записник, кој се утврдува на следната седница на Комисијата, по што записникот го оверува претседателот на Комисијата.

Записникот задолжително го евидентира присуството на членовите на Комисијата, оправдано отсутните членови, гостите, усвоениот дневен ред, како и донесените одлуки и заклучоци од точките на дневниот ред.

Работата на записничар ја обавува лице вработено во Стручната служба на Комората.

**Член 13**

Во случај на спреченост да присуствува на закажаната седница на Комисијата секој член е должен да го оправда своето отсутво во работата на Комисијата со известување на претседателот на комисијата за причините за своето отсуство.

Доколку во текот на својот мандат членот на комисијата најмалку три (3) пати не го оправда своето отсутво во работата на комисијата, претседателот на Комисијата поднесува барање, до претседателот на Комората, за разрешување на членот на комисијата и избирање на нов.

**Член 14**

Членовите на Комисијата имаат право да поднесат оставка. Оставката со кратко образложение се поднесува во писмена форма до претседателот на Комисијата , а истиот е должен да ја достави до Извршниот одбор на Комората и да бара избирање на нов член во Комисијата согласно Статутот на Стоматолошката комора на Македонија.

Претседателот на Комисијата поднесува оставка до претседателот на Комората во писмена форма.

**Член 15**

Трошоците на работата на Комисијата паѓаат на терет на Стоматолошката комора на Македонија.

**Член 16**

Комисијата своите одлуки ги доставува во пишана и електронска форма на претседателот на СКМ, членовите на Извршнот одбор, Надзорниот одбор и на сите заинтересирани страни.

На одлуките на Комисијата, незадоволните страни имаат право на жалба, во рок од 15 дена од денот на примемот на одлуката, до Извршниот одбор на Стоматолошката Комора на Македонија.

## 4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

За се што не е утврдено со овој деловник ќе се применуваат одредбите од Статутот на СКМ .

**Член 18**

Овој Деловник стапува на сила на денот на негово изгласување во Собранието на СКМ.

**Член 19**

Измени и дополнувања на овој деловник се вршат на начин и во постапка утврдени за негово донесување.

**Скопје 24.10.2018 година**

**Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател**
**Д-р Маријан Денковски**

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател**
**Д-р Оливер Манасиев**